СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 08/23

Излегува по потреба 15.05.2023 год. (понеделник) бр. 08 година XXVII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година
бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 год.

1. Се прогласува, Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 10.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-413/1 Општина Новаци
12.05.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр 5/2002), а во согласност со член 40 од Законот за урбанистичко планирање (,,Службен весник на РМ,, РМ бр.32/2020) и член 21 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Новаци (’’Службен гласник на Општина Новаци’’ бр. 07/2019,), Советот на Општина Новаци на седницата на ден 10.05.2023 година донесе:

Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година
бр.14-1056/12 од 15.12.2022 год.

1.Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година, бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 година.

2.Во Програмата од точка 1, во делот УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ по точка 9 се додаваат, точка 10 и точка 11 кои гласат:

,,10. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија – среднонапонски електричен приклучен вод, поставен на дел од КП 1999/1 КО Новаци вон град, Општина Новаци;

11. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија – Нов 10(20)kV кабелски вод низ (КО Новаци, КО Новаци – вон град, КО Добромири, КО Горно Агларци, КО Долно Агларци, КО Далбеговци) – Општина Новаци,,.

3. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

14-380/4 Совет на Општина Новаци
10.05.2023 г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП

1. Се прогласува, Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 10.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-413/2 Општина Новаци
12.05.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и 6, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.05.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за кофинансирање на Општина Новаци во проектот:,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-Фаза 2,, во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на UNDP

Член 1

Со оваа Одлука, се одобрува кофинансирање на Општина Новаци во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-Фаза 2,, во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на UNDP.

Член 2

Општина Новаци, за реализација на проектот од член 1, ќе кофинансира со минимални средства во износ од 6000 американски долари, за малите грантови до 30 000 американски долари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023 год. за изработка на техничка документација односно основни проекти за:
-изградба на спортско-рекреативен парк кај спортската сала с.Новаци на површина од 7000 м2;
-поставување на фотоволтаици на кровот на училишната зграда на ООУ Славко Лумбарковски од с.Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

14-380/5 Совет на Општина Новаци
10.05.2023 г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение „ПЕЦАК – ПМ 2001“- Новаци за организирање на меморијален турнир во мал фудбал

1. Се прогласува, Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение „ПЕЦАК – ПМ 2001“- Новаци за организирање на меморијален турнир во мал фудбал, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 10.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-413/3 Општина Новаци
12.05.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр 5/2002), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (’’Службен гласник на Општина Новаци’’ бр. 07/2019,), Советот на Општина Новаци на ден 15.03.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение ПЕЦАК-ПМ 2001, од Новаци, за организирање на меморијален турнир во мал фудбал

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна финансиска помош на Здружение ПЕЦАК-ПМ 2001, од Новаци, за организирање на меморијален турнир во мал фудбал, во чест и сеќавање на Пеце Матичевски од Новаци, кој загина во воениот конфликт 2001 година.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 150 000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.

Член 3

Средствата од член 2, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

За начинот на кој се искористени доделените средства, да се достави Извештај до Советот на Општина Новаци.

Член 5

Средствата да се префрлат на:
Име: Здружение ПЕЦАК-ПМ 2001
Жиро сметка: 200003290972051
Депонент: Стопанска банка АД Скопје.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-380/6 Совет на Општина Новаци
10.05.2023 г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година

1. Се прогласува, Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 10.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-413/4
12.05.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

ПРОГРАМА

за санација,одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година

Н О В А Ц И

Мај 2023 година

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМв бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новацив бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.05.2023 год. донесе:

Програма

за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за реконструкција и одржување на полски патишта на подрачјето на **општина Новаци за 2023** година.

II. Средствата за реконструкција и одржување на полски патишта и улици во општина Новаци се утврдуваат како:

П Р И Х О Д И

Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2023година ..... **2.408.380,00 ДЕН**

Р А С Х О Д И..... **2.408.380,00 ДЕН**

За редовно и инвестиционо одржување се планираат следните полски патишта :

1. Одржување на полски патишта - с.Далбеговци Л=300,00 м Б=3,0м

1.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	300,00	20,00	6.000,00 ден
1.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	900,00	60,00	54.000,00 ден
1.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	135,00	1300,00	175.500,00 ден

ВКУПНО : 235.500,00 ден

2. Одржување на полски патишта - с.Д.Агларци Л= 300,00 м И Б=3,0м

2.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	300,00	20,00	6.000,00 ден
2.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	900,00	60,00	54.000,00 ден
2.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	135,00	1300,00	175.500,00 ден

ВКУПНО : 235.500,00 ден

3. Одржување на полски патишта - с.Г.Агларци Л= 300,00 м И Б=3,0м

3.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	300,00	20,00	6.000,00 ден
3.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	900,00	60,00	54.000,00 ден
3.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	135,00	1300,00	175.500,00 ден

ВКУПНО : 235.500,00 ден

4. Одржување на полски патишта - с.Добромири Л=300,00 м Б=3,0м

4.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	300,00	20,00	6.000,00 ден
4.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	900,00	60,00	54.000,00 ден
4.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	135,00	1300,00	175.500,00 ден

ВКУПНО : 235.500,00 ден

5. Одржување на полски патишта - с.Новаци Л= 400,00 м И Б=3,0м

5.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	400,00	20,00	8.000,00 ден
5.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1200,00	60,00	72.000,00 ден
5.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	180,00	1300,00	234.000,00 ден

ВКУПНО : 314.000,00 ден

6. Одржување на полски патишта - с.Рибарци Л=200,00 м И Б=3,00м

6.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	200,00	20,00	4.000,00 ден
6.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	600,00	60,00	36.000,00 ден
6.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	90,00	1300,00	117.000,00 ден

ВКУПНО : 157.000,00 ден

7. Одржување на полски патишта с.Гнеотино Л=200,00 м И Б=3,00м

7.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	200,00	20,00	4.000,00 ден
7.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	600,00	60,00	36.000,00 ден

7.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	90,00	1300,00	117.000,00 ден

ВКУПНО : 157.000,00 ден

8. Одржување на полски патишта - с.Живојно Л= 200,00 м И Б=3,0

8.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	200,00	20,00	4.000,00 ден
8.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	600,00	60,00	36.000,00 ден
8.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	90,00	1300,00	117.000,00 ден

ВКУПНО : 157.000,00 ден

9. Одржување на полски патишта - с.БАЧ Л= 200,00 м И Б=3,0

9.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	200,00	20,00	4.000,00 ден
9.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	600,00	60,00	36.000,00 ден
9.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	90,00	1300,00	117.000,00 ден

ВКУПНО : 157.000,00 ден

10. Одржување на полски патишта –с. Гермијан Л= 200,00 м И Б=3,0

9.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	200,00	20,00	4.000,00 ден
9.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	600,00	60,00	36.000,00 ден
9.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 15см	/м3/	90,00	1300,00	117.000,00 ден

ВКУПНО : 157.000,00 ден

За одржување на полски патишта за населените места ВКУПНО : 2.041.000,00ДЕН

ДДВ18% : 367.380,00 ДЕН

СЕ ВКУПНО : 2.408.380,00 ДЕН

Одделни позиции предвидени во оваа Програма можат да претрпат измени најмногу до 20 % од планираното поради потреба за изведување на неопходни дополнителни работи и довршување на конкретна ситуација.

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА ПОЛСКИ ПАТИШТА И ЧИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈАНИ КАНАВКИ ПОКРАЈ ЛОКАЛНИТЕ И ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА ЗА 2023 г.

1. **ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТАЗА 2023 Г. . . . . : 2. 408.380,00 ДЕН**

СЕ ВКУПНО : 2.408.380,00 ДЕН

Составил : Бежановски Благој дги

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 10.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-413/5
12.05.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (“Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 10.05.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-Фаза 2,, во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на UNDP

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-Фаза 2,, во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на UNDP, за - Изработка на техничка документација за:

-изградба на спортско-рекреативен парк кај спортската сала с.Новаци на површина од 7000 м2;

-поставување на фотоволтаици на кровот на училишната зграда на ООУ Славко Лумбарковски од с.Новаци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци,,.

14-380/8
10.05.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за укинување на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр. 14-855/27 од 23.09.2022 год.

1. Се прогласува, Одлука за укинување на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр. 14-855/27 од 23.09.2022 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 10.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-413/6 Општина Новаци
12.05.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 10.05.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за укинување на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр. 14-855/27 од 23.09.2022 год.

Член 1

Со оваа Одлука се укинува Одлуката за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр. 14-855/27 од 23.09.2022 год.

Член 2

Со укинувањето на Одлуката од член 1, се укинува и престанува да важи Анекс Договорот на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во Општина Новаци бр. 05-61/10 од 17.10.2022 год., а согласно член 5 од Анексот, ќе продолжи да важи основниот Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во Општина Новаци бр. 05-623/15 од 08.11.2019 год.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-380/8 Совет на Општина Новаци
10.05.2023 г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

СОДРЖИНА:

1. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 год.
2. Заклучок за прогласување на Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП
3. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение „ПЕЦАК – ПМ 2001“- Новаци за организирање на меморијален турнир во мал фудбал
4. Заклучок за прогласување на Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година
5. Залкучок за прогласување на Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП
6. Заклучок за прогласување на Одлука за укинување на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр. 14-855/27 од 23.09.2022 год.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка 749014004563010
Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939